**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -6815/ 2
Датум: 02.10.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 14. Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош , Избор на најдобра литературна творба за учениците од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата на активностите на Општина Карпош во областа образование за 2023 година (Службен гласник на Општина Карпош бр.25/2022,4/2023,5/2023 и 10/2023) а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за избор на најдобра литературна творба за учениците од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош бр..11-6815/1 од 29.102023 година Општина Карпош објавува :

**ОГЛАС**
за избор на најдобра литературна творба (поезија или проза)
на тема **„ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА"** за учениците од општинските
основни училишта на подрачјето на Општина Карпош
во учебната 2023/2024 година

1. **Право на учество**
   - Право на учество имаат сите општински основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

2. **Начин на учество**
   Секое училиште формира Училишна комисија за избор на најдобри литературни творби и до Комисијата при Општина Карпош доставува:
   - 1 (една) најдобра литературна творба од учениците од 1-5 одд и
     1 (една) најдобра литературна творба од учениците од 6-9 одд
   - Членовите на училишната комисија треба да се од редот на наставниците (одделенски наставници и предметни наставници по македонски/албански јазик) избрани на Наставнички Совет
   - Литературните творби може да бидат напишани како проза или поезија, заведени под шифра
   - Творбите напишани на јазик кој не е македонски, да имаат превод

3. **Висина на награди**

<u>**Награди за литературна творба за одделенска настава**</u>
Прва награда 4000 денари
Втора награда 3000 денари
Трета награда 2000 денари

<u>**Награди за литературна творба за предметна настава**</u>
Прва награда 4000 денари
Втора награда 3000 денари
Трета награда 2000 денари

4. **Начин на пријавување**

Училиштата, избраните творби во затворен плик ги доставуваат во Архивата на Општина Карпош со назнака:

До Комисија за избор на најдобра литературна творба на тема: ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА

5. **Рок за поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 13.10.2023 година. Документите кои не се навремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Комисија за избор на најдобра литературна творба**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ